РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-4

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 20 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Кнауф Интернешнал ГмбХ (Knauf International GmbH), со регистрирано седиште на Ам Банхоф 7, 97346 Ипхофн, Сојузна Република Германија прекуполномошници Леонид Ристев и Љупка Новеска Андонова, адвокати од Скопје, во постапката поведена со Заклучок Уп.бр.08-4 од 13.02.2018 година, на седница одржана на ден 04.07.2018 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата за која е поднесено известување од страна на Кнауф Интернешнал ГмбХ (Knauf International GmbH), со регистрирано седиште на Ам Банхоф 7, 97346 Ипхофн, Сојузна Република Германија, со која Кнауф Интернешнал ГмбХ ќе стекне контрола на долгорочна основа согласно член 12 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата на работењето на Армстронг Врлд Индустрис, Инк. (Armstrong World Industries, Inc.), со регистрирано седиште на 2500 Колумбија Авењу, Ланкастер, Пенсилванија, Соединетите Американски Држави, и тоа во ЕМЕА - територијата на Европа, Блискиот Исток и Африка и регионот на Пацификот - државите кои излегуваат на Тихиот Океан, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 20 став (1) точка 1) од истиот закон, под услов да се исполнат превземените обврски доставени на 13.06.2018 година, а согласно член 20 став (1) точка 3) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се наложува обврска подносителите на известувањето Кнауф Интернешнал ГмбХ (Knauf International GmbH), со регистрирано седиште на Ам Банхоф 7, 97346 Ипхофн, Сојузна Република Германија, да ги исполни во целост „Изменетите обврски преземени пред Комисијата за заштита на конкуренцијата" доставени со допис од 13.06.2018 година, на начин и во роковите утврдени во Изменетите обврски, а со цел да се постигне дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата.

3. Неисполнувањето на некој услов или обврска од ова Решение, претставува прекршок согласно член 60 став (1) точка 3) од Законот за заштита на конкуренцијата и основ за поништување на ова Решение согласно член 21 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

4. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо

ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., согласно тарифен број 34 од Законот за административни такси (“Службен весник на Република Македонија„бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10 и 17/11)) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) со препорачана пошта на 04.01.2018 година (примено во Комисијата на 12.01.2018 година), **Кнауф Интернешнал ГмбХ** (Knauf International GmbH), со регистрирано седиште на Ам Банхоф 7, 97346 Ипхофн, Сојузна Република Германија (во понатамошниот текст: Кнауф) согласно одредбите од член 15 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), поднесе известување за концентрација со која Кнауф има намера да стекне контрола над **работењето на Армстронг Врлд Индустрис, Инк.** (Armstrong World Industries, Inc.), со регистрирано седиште на 2500 Колумбија Авењу, Ланкастер, Пенсилванија, Соединетите Американски Држави **во ЕМЕА** - територијата на Европа, Блискиот Исток и Африка **и регионот на Пацификот -** државите кои излегуваат на Тихиот Океан (во понатамошниот текст: Целно работење).

На 09.01.2018 година Кнауф достави директно во архивата на Комисијата дополнување на известувањето .

Со допис од 23.01.2018 година Комисијата побара дополнување на Известувањето со следните податоци и документи: За претпријатијата наведени во додаток 3 од Известувањето (додаток 5 од Договорот за купопродажба на удели) да се достават податоци за целосен назив на субјектот, регистрирано седиште, регистарски број, дата на регистрација, вид на претпријатие и податоци за сопственичка структура. Доставените податоци (секоја страна) да бидат потпишани од подносителот на известувањето, односно неговиот полномошник; Графички приказ на организационата структура на учесниците во концентрацијата и нивните поврзани друштва; Дополнитено кон известувањето потребно е да се достават и следните податоци и документи: Вкупни приходи на Кнауф Групата остварени во Република Македонија од продажба на модуларни спуштени плафони во 2015, 2016 и 2017 година. Вкупни приходи на Армстронг Врлд Индустрис (АВИ) остварени во Република Македонија од продажба на модуларни спуштени плафони во 2015, 2016 и 2017 година. Дообјаснување на податоците доставени во прилог 10 точка 5 од известувањето и тоа: Податоци за петте најголеми купувачи на модуларни спуштени плафони – назив адреса и контакт (одделно за Кнауф и одделно за АВИ) во Република Македонија одделно во 2015, 2016 и 2017 година со податоци за вредностите на продажбите; Објаснување и доставување на дополнителни податоци со кои ќе се поткрепи тврдењето во прилог 10 точка 5 алинеа 4 од известувањето дека пазарот на модуларни спуштени плафони се развива доста динамично со значајни флуктуирачки пазарни удели во минатото. Објаснување и

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

доставување на дополнителни податоци со кои ќе се поткрепи тврдењето во прилог 10 точка 5 алинеа 10 од известувањето дека „купувачите на спуштени плафони се многу ценовно чувствителни и ценовната конкуренција поради тоа стана многу изразена во последните години“ (пр. податоци за намалување на цените на производите заради ценовната конкуренција и сл.) Дополнување на Прилог 16 со достава на податоци за локалните дистрибутери на АВИ во Република Македонија- назив, адреса контакт телефон и доставување на контакт – адреса и телефон на агентите на АВИ доколку истите се од Република Македонија.

Со допис од 07.02.2018 година Кануф ги достави дополнително бараните податоци и документи.

На 09.02.2018 година Комисијата издаде потврда за целосност на известувањето.

На 19.02.2018 година Комисијата до Кнауф достави Заклучок за поведување на постапка за оценка на Известувањето за концентрација.

На 19.02.2018 година Комисијата до Кнауф достави и допис – известување дека концентрацијата за која е поднесено известувањето за последица ќе има значително нарушување на ефективната конкуренција на пазарот.

Со допис од 28.02.2018 година Кнауф до Комисијата достави решенија за предметната концентрација донесени од Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Србија и од Агенцијата за заштита на конкуренцијата на Република Црна Гора.

Со допис од 06.03.2018 година Кнауф до Комисијата достави недоверлива верзија на претходно доставените решенија за предметната концентрација донесени од Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Србија и од Агенцијата за заштита на конкуренцијата на Република Црна Гора.

Со допис од 29.03.2018 година Кнауф до Комисијата достави допис со дополнителни информации и објаснувања во врска со предметната концентрација.

Со допис од 18.04.2018 година Комисијата го извести Кнауф дека по разгледување на дополнително доставените податоци и објаснувања Комисијата утврди дека концентрацијата за која е поднесено известувањето за последица ќе има значително нарушување на ефективната конкуренција на пазарот и го задолжи Кнауф да достави дополнително податоци за пазарното учество на учесниците во концентрацијата и нивните конкуренти на пазарот на спуштени плафони во 2015 година, 2016 година и 2017 година.

Со допис од 25.04.2018 година Кнауф ги достави дополнително бараните податоци.

Со допис од 10.05.2018 година Кнауф до Комисијата достави Обврски со цел добивање на условно одобрување на предметната концентрација.

Со допис од 16.05.2018 година Комисијата го извести Кнауф дека доставените обврски не се прифатливи за Комисијата, односно дека предложените обврски не се доволни за да се отстранат грижите за конкуренцијата во предметната концентрација. Имено со доставените обврски се предвидува само доставување на известување до Комисијата и со истите, подносителот не презема никакви други обврски.

Со допис од 17.05.2018 година Кнауф побара продолжување на рокот од член 24 став (3) од Законот за заштита на конкуренцијата за 15 работни дена.

Со допис од 18.05.2018 година Комисијата одговори на барањето за продолжување на рокот.

На ден 28.05.2018 година Кнауф достави Изменети Обврски до Комисијата со цел добивање на условно одобрување на предметната концентрација.

Со допис од 07.06.208 година Комисијата го извести Кнауф дека доставените Изменети обврски не се прифатливи за Комисијата, односно дека предложените обврски не се доволни за да се отстранат грижите за конкуренцијата во предметната концентрација.

Со допис од 08.06.2018 година Кнауф побара продолжување на рокот од член 24 став (3) од Законот за заштита на конкуренцијата за 5 работни дена.

Со допис од 08.06.2018 година Комисијата одговори на барањето за продолжување на рокот.

На ден 13.06.2018 година Кнауф достави Изменети Обврски до Комисијата кои е спремен да ги преземе пред Комисијата со цел добивање на условно одобрување на предметната концентрација.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото, дополнувањето и дополнително прибавените податоци во текот на постапката го утврди следното:

1. **Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Кнауф** произведува и продава материјали за изолација, системи за сушење, пластификатори (анг. *plasters*) и пропратна опрема, композитни термоизолациски системи, бои, подни кошулици, подни системи, градежна опрема и алати. Кнауф поседува 150 погони за производство и продажни организации во преку 86 држави, 27.500 вработени на светско ниво.

Кнауф ги има следниве регистрирани зависни друштва во Република Македонија - **Друштво за производство, трговија и услуги КНАУФ ДООЕЛ Скопје**, со регистрирано седиште на Булевар Александар Македонски 66, 1130 Скопје, и **Гипс и гипсени префабрикати КНАУФ-РАДИКА АД-Дебар**, со регистрирано седиште на 8-ми септември 66, 1250 Дебар.

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**АВИ,** со регистрирано седиште на 2500 Колумбија Авеењу, Ланкастер, Пенсилванија, Соединетите Американски Држави, произведува и продава комерцијални и резиденцијални решенија за плафони, ѕидови и системи за суспензија. Со преку 3.800 вработени, АВИ има глобална мрежа за производство од 26 постројки, вклучувајќи девет фабрики кои припаѓаат на WAVE заедничкото вложување (анг. *joint venture*).

Целното работење се состои од работењето на АВИ во однос на модуларни спуштени плафони во ЕМЕА и регионот на Пацификот (т.е. надвор од Северна и Јужна Америка). Целното работење исто така опфаќа одредени зависни друштва наWAVE заедничкото вложување на АВИ (заедничко вложување 50/50 на АВИ и Вортингтон Индустрис (Worthington Industries)) со активности во ЕМЕА и регионот на Пацификот. Постројките на АВИ за производство кои се опфатени со Предложената трансакција се наоѓаат во Австрија, Кина, Франција, Германија, Индија, Русија и во Обединетото Кралство.

По пат на Предложената трансакција, АВИ има намера да излезе од ЕМЕА и регионот на Пацификот, со цел да се фокусира на своето работење на американскиот континент.

**2. Правна форма на концентрацијата**

Пред Предложената трансакција, Целното работење претставува интегрален дел на работењето на АВИ во ЕМЕА и регионот на Пацификот.

На 17 ноември 2017 година, Кнауф и АВИ склучиле Договор за купопродажба на удели, со кој АВИ се обврзал да ги продаде, односно да обезбеди останатите членови во рамки на неговата и на WAVE групата на друштва да ги продадат, а Кнауф се обврзал да ги купи, соодветните удели во Целното работење.

Предложената трансакција се однесува на стекнување на целото работење на АВИ за модуларни спуштени плафони во ЕМЕА и регионот на Пацификот (т.е. надвор од Северна и Јужна Америка) од одреден број на ентитети на АВИ, вклучувајќи ентитети кои во моментов се под контрола на WAVE заедничкото вложување (анг. *joint venture*). Работењето на АВИ за спуштени плафони во Северна, Централна и Јужна Америка, како и останатите деловни операции на АВИ, не се дел од Предложената трансакција.

**2. Правен основ на концентрацијата**

Договорот за купопродажба на удели склучен на 17 ноември 2017 година помеѓу Кнауф и АВИ.

**4. Вкупен годишен приход на учесниците на концентрацијата**

На светскиот пазар во 2016 година Кнауф има остварено вкупни приходи во износ од XXX[1] евра, додека во Република Македонија има остварено вкупен приход од XXX евра.

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

На светскиот пазар во 2016 година Целното работење има остварено вкупни приходи во износ од XXX милиони евра, додека во Република Македонија има остварено вкупен приход од XXX евра.

Заедничкиот вкупен годишен приход на претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги на светскиот пазар го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност и најмалку еден од учесниците е регистриран во Република Македонија. Исто така, заедничкиот вкупен годишен приход на претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги на пазарот во Република Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност. Следствено, за предметната концентрација постои обврска за поднесување на известување за концентрација до Комисијата согласно член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

## 5. Релевантни пазари

***Во однос на деловните активности на учесниците во концентрацијата и пазарите на кои истите се присутни, во известувањето подносителот го наведува следното:***

- Кнауф е активен низ светот со производство на модерни материјали за изолација, системи за сушење, пластификатори (анг. *plasters*), бои и пропратна опрема, композитни термоизолациски системи, подни кошулици, подни системи, фасади и градежна опрема и алати. Основните (анг. *core*) деловни сегменти се (1) Производство на гипс картони (анг. *drywall*)[2], (2) Материјали за изолација[3], и (3) Пресувани производи[4].

-Дополнително, Кнауф е исто така активен во разни други сегменти, како што се подни производи, фасади, градежна опрема и алати, пластификатори и бои. Меѓутоа, ниту една од овие активности не претставува основна дејност на Кнауф.

-Кнауф е исто така активен со производство и продажба на плафони за резиденцијални и нерезиденцијални згради. Модуларните спуштени плафони, вклучувајќи отворени плафонски решенија примарно се продаваат од страна на оделенијата на Кнауф АМФ (AMF)[5] и Данолин (Danoline)[6]. Модуларните спуштени

[2]Преку примена на гипс картони, внатрешниот ѕид се поставува во сува состојба, без користење на малтер. За разлика од употребата на пластификатор кој се суши по примената. Ова е област од работењето со најголеми приходи за Кнауф. Кнауф нуди широк избор на поврзани производи за користење на гипс картон, при што купувачите може да изберат оптимално решение за своите потреби.

[3]Кнауф произведува материјали за изолација, вклучувајќи стаклени влакна, минерална волна, проширен полистирол (EPS) и истиснат полистерен (XPS). Материјалите за изолација на Кнауф се користат во изолациите на згради, комерцијална и индустриска изолација (пр. во OEM секторот (анг. *Original Equipment Manufacturer*), индустриски погони, загревање и вентилација).

[4]Кнауф прави EPS пресување, пресување преку вбризгување (анг. *injection moulding*) и термоформирање.

[5]АМФ има седиште во населба Елсентал 15, 94481 Графенау во Баварија, Германија.

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

плафони (вклучувајќи отворени плафонски решенија) се користат претежно во нерезиденцијалниот сегмент.

-Кнауф исто така произведува гипс апликации за резиденцијални и нерезиденцијални сегменти, вклучувајќи производи за плафони од гипс картон. Производите за плафони од гипс се фиксни плафонски производи.

-Предложената трансакција е ограничена на работењето на АВИ надвор од Америка кое се однесува на модуларни спуштени плафони. Целното работење произведува и продава модуларни спуштени плафони и во занемарлив обем мрежи од гипс картон за фиксни плафони. Оттука, активностите на Учесниците се преклопуваат само во однос на плафонски решенија, и уште поточно во однос на модуларни спуштени плафони. Системите на модуларни спуштени плафони се користат во комерцијални згради, при што плафонските решенија за резиденцијалниот сегмент не се дел од Предложената трансакција.

-Двата Учесника се активни со производство и продажба на плафонски решенија за нерезиденцијална примена. Пазарот на плафонски решенија опфаќа различни решенија за плафони, вклучувајќи модуларни спуштени плафони (анг. *modular suspended ceilings),*фиксни спуштени плафони (анг. *fixed suspended ceilings*), отворени спуштени плафони (анг. *open suspended ceilings*; во прашање се плафонски настрешници (анг. *canopies*) и други решенија кои го оставаат просторот позади мрежата видлив) и, во помала мера, неспуштени (несуспензирани) плафони.

Учесниците во концентрацијата сметаат дека релевантниот пазар за предметната концентрација треба да биде дефиниран како пазар за ***плафонски решенија***, опфаќајќи ги: (1) спуштените плафони (во кои се вклучени модуларните спуштени плафони, фиксните спуштени плафони и отворени спуштени плафони) и (2) неспуштени фиксни плафони.

Имено тие наведуваат дека иако наведените видови на плафонски решенија се различни помеѓу себе, како во поглед на функционалноста, така и во поглед на начинот на производство, треба да се има во предвид дека различните функционалности стануваат релевантни само откога архитектот донел одлука кој плафон ќе го инсталира во конкретната зграда (по проектирањето (анг. "*post-design*")). Откога е донесена одлука, потешко е и поскапо да се промени видот на плафонот (на пр. од модуларен спуштен плафон да се премине на фиксен спуштен плафон).

Учесниците исто така укажуваат дека, во согласност со наодите на ЕК во предметот *Saint Gobain/BPB*, значајна конкуренција постои веќе во фазата на проектирање. Во оваа фаза, архитектот е сеуште претежно слободен да ги одреди просторните барања во однос на жиците, цевките, итн., при што спуштените плафони трпат конкурентски притисок од страна на решенијата за неспуштени плафони. Одлуката за инсталирање спуштен или неспуштен плафон, односно во рамки на спуштените плафони, модуларен или фиксен плафон, претежно зависи од следниве прашања:

[6]Портфолиото на Данолин се развива и произведува во постројките на Кнауф на Кловермарксвај 6, 9500, Хобро, Данска.

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

- Проектирање: ова прашање зависи во голема мера од видот на проектот и постоечките трендови на пазарот. Архитектот ги има во предвид актуелните трендови при одлучувањето дали да користи модуларен спуштен или фиксен спуштен, односно отворен спуштен плафон (кој исто така може да содржи елементи на модуларен или фиксен спуштен плафон).

- Функционалност: Модуларните спуштени плафони често се состојат од материјали кои овозможуваат добри акустични перформанси. Истовремено, фиксните спуштени плафони лесно може да обезбедат иста функционалност, како на пример, преку користење на гипсени табли со изолациско полнење (на пр. со минерална волна). Ламинатските решенија често се користат со елементи од стаклени влакна кои се додадени на плочите. Тоа значи дека, модуларните и фиксните спуштени плафони може да бидат произведени на начин на кој би ја имале истата функционалност.

Понатаму подносителот наведува дека конкуренцијата помеѓу различните плафонски решенија е интензивирана во последните години, како резултат на фактот дека производувачите на плафонски системи активно им пристапуваат на архитектите со цел да обезбедат дека нивните производи се разгледуваат веќе во фазата на планирање. Друга причина е трендот кон отворени плафонски решенија (пр. настрешници) и флексибилни фиксни спуштени плафони (пр. со метални плочи кои може да се заштрафат или оштрафат). Денес, отворените плафонски решенија и фиксните спуштени плафони обезбедуваат лесен пристап до плафонскиот простор користејќи плочи кои можат лесно и без оштетување на плочата да бидат заштрафени и отштрафени, пристап до отвори и стандардизирани плочи. Наведените решенија се заменливи со модуларни спуштени плафонски решенија од аспект на функционалноста. Да би се пристапило на архитектите во таквата рана фаза, Кнауф, на пример, ја има објавено својата документација поврзана со понудата, вклучувајќи ги сите релевантни спецификации, на својата интернет-адреса, овозможувајќи им на архитектите пристап до истата без да мораат да го контактираат Кнауф. Слично постапуваат и други конкуренти, на пример Rockfon, OWA или Ecophon.

Во однос на наведеното, Учесниците сметаат дека, поради фактот дека конкуренцијата се одвива во фазата на планирање на градењето, релевантниот пазар ги опфаќа сите видови на решенија за плафони. Би требало да постои и одреден степен на заменливост помеѓу модуларните спуштени плафони и фиксните спуштени плафони за комерцијални и јавни згради, со оглед дека денешните фиксни плафони овозможуваат лесен пристап до плафонскиот простор, користејќи плочи кои може лесно и без оштетување да бидат заштрафени или отштрафени, пристап до отвори и стандардизирани плочи.

Во известувањето подносителот го дава следното појаснување во однос на модуларни спуштени плафони и други плафонски решенија:

-Модуларните спуштени плафони се готови производи кои се состојат од мрежен систем и плочи. Основни карактеристики на модуларните спуштени плафони се:

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk


i. лесен пристап до инсталациите во плафонскиот простор (кабли и вентилација), со подигнување на плочите;
ii. не бараат површински третман по поставувањето.

-Модуларните спуштени плафони се состојат од мрежи, вклучувајќи закачалки и монтажни материјали (спони) и плочи кои се монтираат во мрежниот систем. Учесниците произведуваат и продаваат плочи и мрежни системи, кои се продаваат одвоено или заедно, во зависност од барањето на купувачот[7]. Постои јасен тренд кон продажба на модуларни спуштени плафони наместо посебни компоненти и главните снабдувачи продаваат и плочи и мрежи.

-Модуларните спуштени плафони речиси исклучиво се монтираат во нерезиденцијални згради (пр. канцеларии, училишта, болници, итн.). Покрај модуларните спуштени плафони постојат различни други видови на плафонски решенија кои може да се пронајдат во нерезиденцијалниот сегмент, како што се фиксните спуштени плафони и, во помала мера, неспуштените плафони.

-Основна разлика помеѓу модуларните спуштени плафони и фиксните спуштени плафони кои се користат во комерцијални и јавни згради е фактот дека, во вториот случај, плафонските плочи механички се фиксираат на мрежата, и, во поглед на гипс плочите, се спакираат. Меѓутоа, при фиксирањето на плочите на мрежата доаѓа до одреден губиток на флексибилност и достапност на инсталациите во плафонскиот простор.Фиксните плафони во јавните и комерцијални згради исто така вообичаено се проектираат на начин на кој би овозможиле лесен пристап до инсталациите. Плочите обично може лесно да се отштрафат (пр. во случај на метални плочи за фиксни плафони) или се оставаат пристапни отвори на плафонот. Доколку е неопходно да се оштети плоча како би се дошло до плафонскиот простор, можна е лесна замена бидејќи бидејќи плочите се стандардизирани.

-Изборот помеѓу спуштен или неспуштен плафон се прави од страна на архитектот при фазата на планирање/проектирање, а на истиот влијаат техничките барања на зградата (посебно дали цевките и каблите ќе бидат во подот или на плафонот). Изборот помеѓу модуларен или фиксен спуштен плафон може да се направи во фазата на планирање/проектирање доколку архитектот одлучи да направи понатамошно прецизирање на видот на плафонот кој би требало да се користи. Сепак, конкретната одлука не мора нужно да се донесе во фазата на проектирање (имајќи предвид дека и двете решенија дозволуваат цевките и каблите да бидат сместени во плафонот).

-Во последните неколку години, забележлив е тренд кон отворени спуштени плафони, кои се одликуваат со отсуство на континуирана линија на плафонот, односно со тоа што структурниот плафон на зградата, вклучувајќи го системот за греење и вентилација,

[7]Мрежите обично се состојат од метални профили за подршка и спојување на ѕидови кои лесно можат да се демонтираат. Плочите се направени од различни материјали, како што се метал, гипс, минерална волна и дрво, се поставуваат во мрежниот систем без механичко фиксирање и оттука може да бидат лесно и брзо отстранети. Плочите за модуларни спуштени плафони се продаваат во различни варијанти во однос на дизајнот кои влијаат на нивната фукционалност во поглед на заштитата од пожар, акустика или хигиена.

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

е барем делумно видлив. Делумна покриеност се остварува преку настрешница[8] и други плафонски елементи, кои обично се монтираат од естетски причини или поради подобрување на акустиката во собата. Како и модуларните спуштени плафони, отворените спуштени плафони овозможуваат лесен пристап до инсталациите во плафонскиот простор. Дополнително, настрешниците не се инсталираат само поради естетски причини, туку и за подобрување на акустиката или рефлексијата на светлата, како и кај модуларните спуштени плафони. Од аспект на заменливост на понудата, како и модуларните спуштени плафони, настрешниците често се состојат од мрежа (или барем метална рамка) и плочи. Исто така, од аспект на купувачите, решенијата за отворени плафони, како што се настрешниците, и модуларните спуштени плафони се во одредена мера заменливи.

-Неспуштените фиксни плафони се релативно ретки во комерцијалните и јавните згради. Плафонските плочи на неспуштен фиксен плафон се залепуваат директно на бетонскиот плафон, не оставајќи плафонски простор и простор за инсталации, кои ќе мора да се постават во подот. Простор во подот е посакап и помалку вообичаен во однос на плафонскиот простор.

Учесниците понатаму наведуваат дека според нив дури и доколку би се разгледувал потесен пазар на модуларни спуштени плафони, истиот би морал да ги опфати сите компоненти на модуларни спуштени плафони, односно плочи и соодветна мрежа[9], како и решенија за отворени плафони. Во предметот *Saint Gobain/BPB*[10], ЕК во ниту еден момент не разгледувала потесни пазари од пазарите на фиксни плафони и пазари на (модуларни) спуштени плафони. Напротив, испитувањето на пазарот од страна на ЕК покажало дека некои учесници на пазарот сметаат дека релевантниот пазар е поширок, односно дека ги опфаќа плафоните воопшто, а не само (модуларните) спуштени плафони. Во предмет во кој постои хоризонтална аквизиција на важен учесник на пазарот, ЕК подетално би ги разгледувала потесните пазари доколку постоеле аргументи за таква дефиниција на пазарот, што не се случило, ниту било предложено од страна на заинтересираните учесници на пазарот.

Во однос на релевантниот географски пазар Подносителот во известувањето наведува дека учесниците сметаат дека постојат добри причини да се разгледува пазарот најмалку на регионално, или дури на пан-европско ниво. Во цитираниот предмет *Saint*

---

[8]Настрешниците може да се состојат од мрежа и соодветен плафонски панел кој е фиксиран на мрежата или слободно виси од структурниот плафон.

[9]Конкретните модуларни спуштени плафони вклучуваат плочи и даски и мрежни системи. Постои голем број на различни материјали од кои се прават плочите/даските, како што се мокар филц, меко минерално влакно, гипс, метал, дрва, дрвени влакна, итн., а мрежните системи за модуларни спуштени плафони се разликуваат од мрежните системи за фиксни плафони. Меѓутоа, со оглед дека овие производи се користат одвоено (нивната единствена разумна комерцијална употреба е инсталација во рамки на спуштени плафони), имајќи го во предвид јасниот тренд на системски продажби во претходниот период и условите на конкуренцијата на релевантниот пазар во Република Македонија, Учесниците сметаат дека уште потесна дефиниција на релевантниот пазар секако не би била оправдана.

[10]Одлука на ЕК од 9 ноември 2005 година, М.3943, пара. 37 et seq. – *Saint Gobain/BPB.*

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

*Gobain/BPB*, ЕК сметала дека пазарот за производство и продажба на спуштени плафони е најмалку национален, при што поголем број на учесници во испитувањето укажале на регионален пазар (пр. државите на Бенелукс, Скандинавија, итн.) или пазар во обем на Европската Економска Област (ЕЕО)[11]. Сепак, прашањето дали пазарот е национален, регионален или ја покрива ЕЕО, не е одлучено од страна на ЕК во цитираниот случај. Учесниците веруваат дека постојат силни аргументи за постоење на регионален географски пазар во рамки на регионот на Германија и Австрија, како и ЦЕФТА јурисдикциите (доколку не територијата на Централна и Источна Европа), имајќи ги во предвид регионалната конкурентска средина и економската меѓузависност, особено во однос на сличните ценовни нивоа, високите увози, фактот дека услугите за поддршка на корисници и тимовите за продажба се организирани регионално, сличните шеми на купување и униформираните стандардни големини. *Mutatis mutandis*, можно е испитување на пазарот во конкретниов случај да покаже дека ист принцип би бил применлив во поглед на пазар кој ги опфаќа најмалку ЦЕФТА јурисдикциите, ако не и целата територија на Централна и Источна Европа, со оглед на регионалните услови за конкуренција и економска меѓузависност.

Подносителот на известувањето, во известувањето наведува дека постојат повеќе фактори кои би требало да се земат во предвид при оцена на ефектите од предметната трансакција:

- Целното работење бележи многу ограничено зголемување на пазарниот удел на релевантниот пазар за плафонски решенија. Дополнително, Saint Gobain претставува значаен и вертикално интегриран конкурент активен на локалниот пазар, а има и присуство на повеќе помали алтернативни добавувачи. Дополнително, Учесниците немаат информација за посебните архитектонски видови на плафони во Република Македонија, кои можат потенцијално да го зголемат вкупниот пазар и дополнително да ги намалат нивните пазарни удели;
- Учесниците сметаат дека соодветниот релевантен географски пазар за нивното работење треба да биде анализиран на регионално ниво, што значи дека дека конкурентската средина е поширока од само територијата на Република Македонија;
- Ниту еден од Учесниците нема постројки во Република Македонија за производство на релевантните производи. Производството на релевантните производи е доста централизирано, со мал број на фабрики кои извезуваат и снабдуваат со релевантните производи на светско ниво;
- Пазарните удели на Учесниците се значајни само во однос на многу

[11] Учесниците забележуваат тренд кон пазар кој би ја опфаќал ЕЕО, со оглед дека регулативите на Европската Унија овозможуваат напредна хармонизација на пазарот. Директивата на ЕУ за градежни производи од 1 јули 2013 година, на пример, поставува хармонизирани правила за пласман на градежни производи, вклучувајќи ги сите врсти на нерезиденцијални плафони. Понатаму, предвидува дека секој градежен производ кој потпаѓа под европски хармонизиран стандард, како што е, помеѓу останатите, EN 13964 за модуларни спуштени плафони, мора да обезбеди таканаречена „Декларација за учинок", како сертификат за усогласеноста со релевантниот стандард.

специфична и тесна дефиниција на релевантниот пазар, односно доколку пазарот би се ограничил само на модуларни спуштени плафони. Наведениот пазарен сегмент се развива доста динамично, со значајно флуктуирачкипазарни удели во минатото. Модуларните спуштени плафони претставуваат само релативно мал дел од целиот пазар на плафонски решенија. Додека Целното работење се однесува на модуларни спуштени плафони, истото претставува секундарен бизнис за Подносителот. Независно од конечната дефиниција на пазарот за која ќе се определи Комисијата, евидентно е дека во фазата на планирање, целиот опсег на плафонски решенија врши конкурентски притисок и дека купувачите би се префрлиле на други плафонски решенија, во случај на поскапување на модуларните спуштени плафони, што е видливо од фактот дека архитектите се определуваат за конкретен плафонски систем во фазата на планирање. Во оваа фаза, архитектот може слободно да одбере различни видови на плафонски системи, било да се работи за фиксни или модуларни спуштени плафони, настрешници, други отворени плафонски решенија или било кој друг плафонски систем. Дури и доколку Комисијата заклучи дека релевантниот пазар е потесен од предложеното од страна на Учесниците, вака наведената конкуренција треба да се земе во предвид при оценката на конкурентната динамика;

- Релевантниот пазар и пазарниот сегмент кој се преклопува е многу мал, со мало влијание на целокупната економија на Република Македонија. Вкупната големина на пазарот за плафонски решенијаи вредноста на пазарниот сегмент за модуларни спуштени плафони (кои претставуваат единствени производи кои се преклопуваат), како и остварените продажби од страна на Учесниците во Република Македонија е многу ограничена. Соодветно, иако сегашните пазарни удели може се значајни при потесна дефиниција на пазарот, истите не укажуваат на трајна пазарна сила или значајни ефекти врз конкуренцијата на пазарот во Република Македонија. Целното работење остварило ограничен приход од продажба во Република Македонија во 2016 година, додека продажбата на релевантните производи претставува само мал дел од вкупното работење на Кнауф во Република Македонија (особено доколку модуларните спуштени плафони се гледаат одвоено);

- Постои голем број на споредливи конкуренти кои се активни во поширокиот регион (пр. OWA/Rockfon е присутен во Босна и Херцеговина), кои би можеле релативно лесно да го прошират своето присуство во Република Македонија. Овие друштва би можеле да вршат значаен конкурентски притисок на Учесниците и би имале поттик и можност да ги зголемат пазарните удели, доколку Учесниците се обидат да ги зголемат цените или влијаат на производство и снабдувањето по спроведувањето на Предложената трансакција. Исто така, снабдувањето од Кина се зголемува во последните неколку години;

- Генерално, има значаен вишок на капацитет во релевантната индустрија низ Европа. Соодветно, доколку Подносителот се обиде да ги зголеми цените по

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

спроведувањето на Предложената трансакција, конкурентите би имале можност да го зголемат снабдувањето без инвестирање во нови капацитети за зголемување на производството, зголемувајќи ја профитабилноста на своите постројки[12];

- Работењето поврзано со спуштени плафони е претежно врзано со проекти, поради ова во голема мера зависи од тендери, што значи дека позицијата на учесниците на пазарот е нестабилна и постои генерален недостаток на стабилност на пазарната моќ. Тендерите се доста конкурентни и, покрај спецификацијата на производите, претежно се добиваат врз основа на цените. Со намера за доставување на целосни информации, обично на тендерите не се јавува самиот произведувач на плафони, туку дистрибутерите (трговци со градежен материјал). Секако, произведувачите учествуваат индиректно на тендерите, преку цените кои им ги нудат на дистрибутерите за модуларни спуштени плафони за одредени проекти;
- Купувачите имаат можност да се префрлат на конкурентски асортиман на модуларни спуштени плафони, достапен во регионот или пошироко во Европа. Исто така, договорите за снабдување во индустријата вообичаено се склучуваат за краткорочен период (квартално, месечно или непосредно (анг. *spot*)), што им овозможува на купувачите висока флексибилност за префрлување. Не постојат значајни технички или трошковни бариери за промена на добавувачите[13];
- Купувачите на спуштени плафони се многу ценовно чувствителни и ценовната конкуренција поради тоа стана многу изразена во последните години (поради економската криза, вишокот на капацитети на пазарот и трендовите кон поефтини стандардизирани производи и прифатливи плафонски решенија), што е посебно случај со економиите во развој, како што е Република Македонија;
- Предложената трансакција нема да доведе до било какви вертикални грижи за конкуренцијата. Ефектите на затворање на инпут или на купувачи може да се исклучат, имајќи ги во предвид маргиналните активности на Учесниците на вертикално повисокиот пазар на суровини и многу ограничените вертикални врски помеѓу Учесниците[XXX]. Учесниците немаат пазарна сила во однос на инпут материјали за производство на модуларни спуштени плафони, лесен е пристапот до инпут материјалите, со неискористени капацитети на пазарот, повеќе вертикално интегрирани ривали и непостоење на врзување (анг. *lock-in*) со еден снабдувач.

[12]Ограничената искористеност на капацитетите на индустријата во Европа е генерално предизвикана од зголемената конкуренција од гипсени плафони беззглобови (анг. *jointless gypsum ceilings*).

[13]Промената на снабдувачи во Република Македонија е дополнително поедноставена со правилата за пласман на модуларни спуштени плафонски производи. Купувачите кои сакаат да се префрлат на нов снабдувач може да се ослонат на сертификацијата како би се осигурале дека конкурентскиот производ ќе ги задоволи релевантните критериуми и не мораат претходно да ги тестираат производите.

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Согласно горенаведеното подносителот смета дека Предложената трансакција нема да доведе до било какво спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата во Република Македонија или до било каков негативен ефект на пазарот во Република Македонија и дека Предложената трансакција е во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата.

***Во однос на деловните активности на учесниците во концентрацијата и пазарите на кои истите се присутни во Република Македонија, подносителот ги достави следните податоци:***

**Табела 1- Вкупни остварени приходи во евра во Република Македонија од продажба на модуларни спуштени плафони на учесниците во концентрацијата**:

| | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|
| Кнауф | XXX | XXX | XXX |
| АВИ (преку Целното работење) | XXX | XXX | XXX |
| Проценет вкупен пазар | XXX | XXX | XXX |

**Табела 2- Проценка на подносителот на известувањето на пазарните удели на пазарот на спуштени плафони во Република Македонија**

| | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|
| Кнауф | 70-80% | 60-70% | 60-70% |
| Целно работење | 0-5% | 5-10% | 0-5% |
| Saint Gobain | 0-5% | 5-10% | 5-10% |
| ETEX | 0-5% | 0-5% | 0-5% |
| Technogips | 0-5% | 0-5% | / |
| Производи од Кина | 0-5% | 0-5% | 0-5% |
| OWA | 0-5% | 0-5% | 0-5% |
| Cipriani | 0-5% | 0-5% | 0-5% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Metawork RO | 0-5% | 0-5% | 0-5% |
| Security | 0-5% | 0-5% | 0-5% |
| Останати | 10-20% | 10-20% | 10-20% |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% |

**Табела 3- Проценка на подносителот на известувањето на пазарните удели на пазарот на модуларни спуштени плафони (невклучувајќи ги отворените плафони) во Република Македонија**

| | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|
| Кнауф | 30-40% | 40-50% | 30-40% |
| Целно работење | 20-30% | 20-30% | 20-30% |
| Saint Gobain | 5-10% | 0-5% | 5-10% |
| Производи од Кина | 5-10% | 5-10% | 5-10% |
| OWA | 0-5% | 5-10% | 5-10% |
| Cipriani | 0-5% | 0-5% | 0-5% |
| Metawork RO | 0-5% | 0-5% | 0-5% |
| Security | 0-5% | 0-5% | 0-5% |
| Rockfon | 0,5% | / | / |
| Останати | 20-30% | 10-20% | 10-20% |

**Табела 4- Проценка на подносителот на известувањето на пазарните удели на пазарот на модуларни спуштени плафони (вклучувајќи ги отворените плафони) во Република Македонија**

| | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| Кнауф | 30-40% | 40-50% | 30-40% |
| Целно работење | 20-30% | 20-30% | 20-30% |
| Saint Gobain | 5-10% | 0-5% | 5-10% |
| Производи од Кина | 5-10% | 5-10% | 5-10% |
| OWA | 0-5% | 5-10% | 5-10% |
| Cipriani | 0-5% | 0-5% | 0-5% |
| Metawork RO | 0-5% | 0-5% | 0-5% |
| Security | 0-5% | 0-5% | 0-5% |
| Rockfon | 0-5% | / | / |
| Останати | 20-30% | 20-30% | 10-20% |

Врз основа на горенаведените информации, доставени од подносителот на известувањето во известувањето и дополната на истото и дополнително доставените податоци, Комисијата утврди дека евентуалното спроведување на предметната концентрација ќе доведе до значително ограничување на конкуренцијата особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантна позиција на пазарот.

Имено доколку како релевантен пазар на стоки се дефинира пазарот на спуштени плафони спроведувањето на концентрацијата ќе доведе до зајакнување на доминантната позиција која ја има Кнауф на овој пазар. Имено пред концентрацијата пазарното учество на Кнауф на пазарот на спуштени плафони во Република Македонија во 2017 година изнесува 60-70%, додека пазарното учество на истиот пазар на Целното работење изнесува 0-5%. Имено на вака дефинираниот пазар Кнауф веќе поседува доминантна позиција. По спроведување на концентрацијата пазарниот удел на учесниците во концентрацијата ќе изнесува 70-80%, при што пазарниот удел на најголемиот конкурент на вака дефинираниот пазар ќе изнесува 5-10%.

Согласно Насоките за оценка на хоризонтални концентрации за целите на Законот за заштита на конкуренцијата не е веројатно дека Комисијата ќе идентификува можно спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата за хоризонтална концентрација со HHI индекс кој по концентрацијата е помеѓу 1 000 и 2 000 и делта под 250, или за концентрација со HHI индекс кој по концентрацијата е над 2 000 и делта под 150.

Во конкретниот случај HHI индексот на пазарот на спуштени плафони пред концентрацијата изнесува XXX додека по концентрација истиот ќе изнесува XXX. Разликата (делта) е XXX.

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Доколку како релевантен пазар на стоки се дефинира пазарот на модуларни спуштени плафони во Република Македонија (без разлика дали ќе се вклучат и отворените плафони или не) спроведувањето на концентрацијата ќе доведе до создавање на доминантната позиција на Кнауф на овој пазар.

Имено пред концентрацијата пазарното учество на Кнауф на пазарот на модуларни спуштени плафони (невклучувајќи ги отворените плафони) во Република Македонија во 2016 година изнесува 30-40%, додека пазарното учество на истиот пазар на Целното работење изнесува 20-30%. Имено на вака дефинираниот пазар, по концентрацијата Кнауф ќе поседува доминантна позиција со пазарно учество од 60-70%, при што пазарниот удел на најголемиот конкурент на вака дефинираниот пазар ќе изнесува 5-10%.

HHI индексот на пазарот на модуларни спуштени плафони во Република Македонија (невклучувајќи ги отворените плафони) пред концентрацијата изнесува XXX додека по концентрацијата истиот ќе изнесува XXX. Разликата (делта) е XXX

Исто така пред концентрацијата пазарното учество на Кнауф на пазарот на модуларни спуштени плафони во Република Македонија (вклучувајќи ги отворените плафони) во 2016 година изнесува 30-40%, додека пазарното учество на истиот пазар на Целното работење изнесува 20-30%. Имено на вака дефинираниот пазар Кнауф по концентрацијата ќе поседува доминантна позиција со пазарно учество од 60-70%, при што пазарниот удел на најголемиот конкурент на вака дефинираниот пазар ќе изнесува 5-10%.

HHI индексот на пазарот на модуларни спуштени плафони во Република Македонија (вклучувајќи ги отворените плафони) пред концентрацијата изнесува XXX додека по конценрација истиот ќе изнесува XXX. Разликата (делта) е XXX.

Врз основа на горенаведеното, а имајќи ги во предвид Насоките за оценка на хоризонтални концентрации за целите на Законот за заштита на конкуренцијата, Комисијата утврди дека по спроведувањто на концентрацијата, истата ќе доведе до занчително ограничување на конкуренцијата особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантна позиција на пазарот преку некоординирани ефекти.

Како што е погоре наведено на ден 13.06.2018 година Кнауф достави Изменети Обврски до Комисијата кои е спремен да ги преземе пред Комисијата со цел добивање на условно одобрување на предметната концентрација. односно ги достави следните:

**„ 2. Обврски**

**2.1 Обврска за известување во однос на купувачите и вредноста на продажбите кон секој од купувачите на производи на модуларни спуштени плафони од Кнауф АМФ[14]/Целното работење продадени во Република Македонија во претходната календарска година, вклучувајќи известување за спроведувањето на Обврските од точките 2.2 – 2.5 подолу**

**Кнауф се обврзува да доставува до Комисијата годишен извештај („Пазарен извештај“) за претходната календарска година со следниве информации:**

**(i) листа на купувачи од Република Македонија на брендовите на производи за модуларни спуштени плафони кои ги пласира Кнауф АМФ во Република Македонија на датумот на донесување на Решението, вклучувајќи ја и вредноста на остварените продажби по купувач; и**

**(ii) листа на купувачи од Република Македонија на брендовите на производи за модуларни спуштени плафони кои ги пласира Целното работење во Република Македонија на датумот на донесување на Решението, вклучувајќи ја и вредноста на остварените продажби по купувач;**

**(iii) пројавен интерес од и/или преговори со трети лица за потенцијално доделување на права за дистрибуција во однос на производи на модуларни спуштени плафони, вклучувајќи потврда дека Кнауф нема назначено ексклузивен дистрибутер за производите на модуларни спуштени плафони на Учесниците за македонскиот пазар, во согласност со Обврската од точка 2.2 подолу;**

**(iv) потврда дека при остварените продажби на производите на Учесниците во Република Македонија не бил вклучен услов за прифаќање дополнителни обврски за купувањето на производите на модуларни спуштени плафони на Учесниците, особено дека не била вклучена било каква обврска за купување на други посебни производи, коипо својата природа или согласно со трговските обичаи, не се во врска со предметот на купувањето;**

**(v) одбивање за снабдување на било кој заинтересиран македонски купувач со производи на модуларни спуштени плафони од Учесниците, вклучувајќи образложение за причините за таквото одбивање во конкретниот случај;**

**(vi) потврда дека Кнауф нема наметнато или договорено било каква обврска за неконкурирање на купувачите кои купувале од производите на модуларни спуштени плафони на Учесниците.**

**Дополнително, Кнауф се обврзува да целосно соработува со Комисијата преку пружање на помош, информации или документи коишто Комисијата може разумно да ги побара за целите на следење на спроведувањето на Обврските.**

**Во однос на доставувањето на информации за производите на модуларни спуштени плафони на Кнауф согласно оваа Обврска, а имајќи ја во предвид постоечката организација на Кнауф, Кнауф ќе доставува информации за Кнауф АМФ, како единствено поврзано друштво на Кнауф кое произведува и продава модуларни спуштени плафони на купувачи од Република Македонија. Меѓутоа, доколку во иднина Кнауф започне да ги пласира производите во Република Македонија преку било кое друго поврзано лице, во Пазарниот извештај ќе вклучи информација и за остварените продажби на модуларни спуштени плафони на Кнауф од страна на таквите други поврзани друштва.**

**Целта на оваа Обврска е да и овозможи на Комисијата следење на понатамошниот развој на пазарната структура, вклучувајќи ги и деловните активности на здружениот субјект, со цел да биде во можност да идентификува и отстранибило какви потенцијални грижи во однос на ефектите на трансакцијата врз поединечните купувачи и вредностите на остварените продажби од страна на Учесниците по спроведувањето на трансакцијата[15]. Исто така, оваа Обврска и овозможува на Комисијата да го следи спроведувањето на Обврските од точките 2.2 – 2.5 подолу.**

[14] Кнауф АМФ ГмбХ и Цо. (Knauf AMF GmbH & Co.), со регистрирано седиште населба Елсентал 15, 94481 Графенау во Баварија, Германија („**Кнауф АМФ**“).

[15]За информација во однос на остварените продажби кон сите купувачи на Учесниците во претходните три деловни години, Ве молиме погледнете ја точка V(а) од поднесокот на Подносителот од 7 февруари 2018 година.

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**Ефективното имплементирање на оваа Обврска не би требало да се доведе во прашање бидејќи Кнауф е обврзан да поднесува Пазарни извештаи во согласност со претходно утврдената временска рамка во точка 2.6подолу.**

**2.2 Обврска да не се назначи ексклузивен дистрибутер за модуларните спуштени плафони наУчесницитеза македонскиот пазар**

**Кнауф се обврзува да не назначи за македонскиот пазар ексклузивен дистрибутер за неговото портфолио на модуларни спуштени плафони и портфолиото на модуларни спуштени плафони на Целното работење.**

**Целта на оваа Обврска е да спречи надолно затворање и да ја одржи конкуренцијата помеѓу марките (анг. *intra-brand competition*) за релевантните производи. Како што е наведено во известувањето за предметната концентрација, повеќето купувачи на релевантните производи се трговци со материјали за градење, кои одговараатна соодветните тендери за градење. Оваа Обврска ќе го одржи постоечкиот синџир за снабдување, имајќи ги во предвид оперативните модели на Кнауф и Целното работење за македонскиот пазар.**

**Не би требало да има било какви неизвесности околу ефективното спроведување на оваа Обврска имајќи предвид дека обврската да не се назначи ексклузивен дистрибутер е јасна и не остава простор за евентуални различни толкувања или заклучоци дали истата е или не е исполнета. Дополнително, Комисијата може лесно и ефикасно да ја следи усогласеноста во однос на оваа Обврскадиректно (преку Пазарните извештаи) и индиректно (преку информациите добиени од трети страни, главно купувачи, доставени по нивна иницијатива или на барање на Комисијата).**

**2.3 Обврска да не се условува купувањето на производите на модуларни спуштени плафони на Учесниците со прифаќање на дополнителни обврски, особено не со условување за купување на други посебни производи, кои по својата природа или согласно со трговските обичаи, не се во врска со предметот на купувањето**

**Кнауф се обврзува да не го направи купувањето на производ од Кнауф или производ од било кое трето лице, вклучувајќи ги производите на Целното работење, услов за купување на било кои производи на модуларни спуштени плафони кои се пласираат од Целното работење или Кнауф во Република Македонија, и обратно, да не го направи купувањето на производи на модуларни спуштени плафони од Кнауф или производи на модуларни спуштени плафони од портфолиото на Целното работење услов за купување на било кои други производи од Кнауф или од трети лица. Исто така, Кнауф се обврзува да не го условува купувањето на производи на модуларни спуштени плафони од Кнауф или Целното работење со прифаќање на било какви други дополнителни обврски, а особено не со купување на други посебни производи, кои, по својата природа или согласно трговските обичаи, немаат поврзаност со таквото купување.**

**Целта на оваа Обврска е да спречи било какви негативни ефекти на врзување (анг. *tying effects*) помеѓу портфолиото на здружениот субјект за модуларни спуштени плафони и останатите производи на Кнауф, и производите на модуларни спуштени плафони на Учесниците и производи од било кои трети страни, како и да им овозможи на купувачите да продолжат да имаат неограничен пристап до производите на Учесниците без дополнителни барања од страна на здружениот субјект кои не се поврзани со таквите производи, од аспект на нивната природа или трговските обичаи. Соодветно, постоечкиот начин на продажба на производите на Целното работење ќе биде задржан во однос на нивната интеракција со понудите на Кнауф.**

**Комисијата ќе биде во можност ефективно да го следи спроведувањето на оваа Обврска директно (преку Пазарните извештаи) и индиректно (преку информации добиени од трети страни, воглавно купувачи, доставени по нивна иницијатива или на барање на Комисијата).**

**2.4 Обврска да не се одбива продажба на производи на модуларни спуштени плафони од Учесницитекон било кој заинтересиран купувач од Република Македонија без економско оправдување**

**Кнауф се обврзува да не одбие снабдување на било којод заинтересиранитемакедонски купувачисо производи на модуларни спуштени плафоникои се пласираат од Учесниците, без економски оправдани причини. Оваа Обврска вклучува престанок на соработка со постоечки купувачи, како и одбивање на соработка со нови купувачи.**

**Целта на оваа Обврска е да се спречи неоправдано одбивање да се снабдува од страна на здружениот субјект, односно да се осигура дека било кое одбивање за соработка со купувачите ќе биде врз основа на транспарентни, објективни и економски оправдани причини, спречувајќи било каква дискриминација или неоправдано одбивање за соработка. Престанокот на соработка со купувачи поради легитимни причини (пр. неплатен долг; повреди на репутација; итн.) нема да се смета за неоправдан.**

**Комисијата ќе биде во можност ефективно да го следи спроведувањето на оваа Обврска директно (преку Пазарните извештаи) и индиректно (преку информации добиени од трети страни, воглавно купувачи, доставени по нивна иницијатива или на барање на Комисијата).**

**2.5 Обврска да не се наметнува или договара обврска за неконкурирање со купувачите во однос на производите на модуларни спуштени плафони на Учесниците**

**Кнауф се обврзува да не наметнува на купувачите или договара со истите директна или индиректна обврска поради којакупувачот нема да произведува, купува, продава или препродавапроизводи на модуларни спуштени плафони кои имконкурираат на производите на модуларни спуштени плафони на Учениците, или било која директна илииндиректна обврска на купувачот да купува од Кнауф (т.е. од здружениот субјект) или од друго претпријатие одредено од страна на Кнауф повеќе од 80% од вкупните набавки на купувачот на производи на модуларни спуштени плафони, пресметани врз основа на вредноста на продажбите.**

**Целта на оваа Обврска е да обезбеди силна конкуренција помеѓу различни марки (анг. *inter-brand competition*) на пазарот и да оневозможи било какво затворање на пазарот за конкурентите на Кнауф (т.е. здружениот субјект). Поточно, купувачите кои продаваат/препродаваатпроизводи на модуларни спуштени плафони ќе бидат во можност да им нудат на нивните купувачи портфолио на производи на модуларни спуштени плафони од различни производители. Оттука, оваа Обврска треба да овозможи одржување на ефективната конкуренција на пазарот преку штитење на изборот на купувачите и не ограничувањето на можноста на конкурентите на Учесниците да ги пласираат своите производи на македонскиот пазар.**

**Комисијата ќе биде во можност ефективно да го следи спроведувањето на оваа Обврска директно (преку Пазарните извештаи) и индиректно (преку информации добиени од трети страни, главно купувачи, доставени по нивна иницијатива или на барање на Комисијата).**

**2.6 Период за известување**

**Кнауф ќе биде обврзан да јаспроведува секоја од Обврските во период од 2 (две) години по спроведувањето на пријавената концентрација („Период за известување“), со следниве специфики во однос на Обврската од точка 2.1:**

**(i) Пазарните извештаи ќе бидат доставувани до Комисијата до крајот на секој месец февруари за време на Периодот за известување, со тоа што Кнауф ќе го достави првиот извештај до:**

- **28 февруари 2019 година доколку трансакцијата е спроведена до 30 јуни 2018 година;**
- **29 февруари 2020 година доколку трансакцијата е спроведена до 30 јуни 2019 година;**
- **28 февруари 2021 година доколку трансакцијата е спроведена до 30 јуни 2020 година; или**
- **28 февруари 2022 година доколку трансакцијата е спроведена до 30 јуни 2021 година.**

**Кнауф ќе ја извести Комисијата дека е спроведена предметната концентрација по писмен пат, во период од 10 (десет) работни дена од денот на спроведувањето.**

**За целите на следење на ефектите на предметната концентрација врз ефективната конкуренција, Комисијата може да побара било кои релевантни информации од Подносителот во период од 8 (осум) години по Периодот за известување, но не по истекот на 10 (десет) години од донесувањето на**

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**Решението.**

**2.7 Клаузула за ревидирање**

**По барање на Подносителот или на иницијатива на Комисијата, Комисијата може да го намали Периодот за известување или при исклучителни околности да прифати ослободување, измена или замена на Обврските.“**

Комисијата ги разгледа Изменетите Обврски доставени од поносителот на известувањето на 13.06.2018 година и утврди дека истите се доволни за да се надминат ограничувањата на конкуренцијата кои инаку би настанале со предметната концентрација и се доволни за да се постигне дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата.

**Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение.**

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**Благој Чурлинов**